


ЕВН Македонија и нејзините друштва вршат дејности од областа на дистрибуција, снабдување и производство на електрична енергија. На македонскиот пазар компанијата е присутна над 15 години како дел од групацијата ЕВН АГ Австрија и претставува доверлив работодавач за своите вработени кој нуди конкурентни услови на пазарот на труд и различни можности за развој. Цел на ЕВН е одржување на висока професионалност и континуиран квалитет на услугите за своите корисници.

## КАРИЕРА ВО ЕВН МАКЕДОНИЈА

Во одделот **Човечки ресурси и Организација** имаме отворени позиции за практикантска работа за амбизиозни студенти во последната година од нивните студии од психологија.

## ОГЛАС ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА (М/Ж)

### КОГО бараме?

Сите кандидати во последна година од нивните студии на психологија кои имаат желба да ја започнат својата кариера во обласна на менаџмент на човечки ресурси во една од најголемите компании во државата.

### ШТО нудиме?

Практикантска работа исполнета со учење и исполнување интересни работни задачи
Овозможуваме предуслови за развој на Вашиот потенцијал во делот на регрутација, селекција, развој и обука
Времетраење на практикантската работа е од 1-3 месеци во зависност од желбите и интересите на практикантите
Надомест на трошоци за практикантската работа во износ од 8000,00 денари

### КАКО да аплицирате?

Испратете ја Вашата Биографија и мотивациско писмо на jobs@evn.mk со назнака "За практикантска работа", најдоцна до 31.08.2022.

**Напомена:** Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк https://www.evn.mk/Careers.aspx .

ЕВН Македонија е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

Откријте го светот на ЕВН и искористете ја можноста за одличен развој на Вашата кариера!

ensure обезбедува encourage охрабрува enable овозможува